Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-3963/4
17.04.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

Врз основа на член 86 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.251/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 април 2025 година, издаде

## Л И Ц Е Н Ц А
### за приредување на игри на среќа во автомат клуб

1. На Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје со седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр.198А Скопје-Кисела Вода, МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, во деловната просторија во Подружница бр.6, СЛ КЛУБ 6 Скопје-Карпош на бул. „8 Септември“ бр.3 лок. 7 и 8 Скопје-Карпош, за период од шест години.

2. Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје во автомат клубот во деловната просторија која се наоѓа во Подружница бр.6, СЛ КЛУБ 6 Скопје-Карпош на бул. „8 Септември“ бр.3 лок. 7 и 8 Скопје-Карпош ќе постави 32 автомати за игри на среќа на кои може да учествува еден учесник и 1 автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе учесници (електронски рулет).

3. Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

4. Доколку Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје не започне со приредување на игрите во рокот од точката 3, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

5. Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 39.375 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата, односно:
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од четири години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од пет години од денот на приемот на лиценцата и

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од шест години од денот на приемот на лиценцата.

6. Доколку Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје не плати 50% од надоместокот, односно не го плати износот од 39.375 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

7. Доколку Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје не ги плаќа годишните рати во износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 5, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

8. Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 33.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

9. Доколку Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

10. Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, на месечна основа, до 15-ти во месецот за претходниот месец и доказот за уплатата на посебната давачка да го достави до Министерството за финансии до 15-ти во месецот за претходниот месец.

11.Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје Е ДОЛЖНО, за финансирање на спортот да плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Агенцијата за млади и спорт и за финансирање на здравствената заштита да плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Министерството за здравство и доказите за уплатата на посебните давачки да ги достави до Министерството за финансии до 15-ти во месецот за претходниот месец.

12.Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да ја одржува висината на основната главнина во износ кој не може да биде помал од 2.500.000,00 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, за целото времетраење на лиценцата.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 17.04.2025 17:20 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=42b33747-2a35-4404-8374-8d96f0db1205&docSharePointURL=/materijali/2025/638798826997724494/Documents/act(1).docx&materialId=09064459-6399-461c-ab62-eed1ca776312** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

13.Доколку Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје не ја одржува висината на основната главнина од точката 12, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

14.Оваа лиценца ќе се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.

Образложение

Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје до Министерството за финансии поднесе Барање бр.13-11072/1 од 6.12.2024 година и дополнувања на Барањето бр.13-11829/1 од 30.12.2024 година, бр.13-35/1 од 3.1.2025 година, бр.13-603/1 од 23.1.2025 година, бр.13-1349/1 од 14.2.2025 година, бр.13-1674/1 од 26.2.2025 година, бр.13-1966/1 од 5.3.2025 година и Барање бр.13-3083/1 од 10.4.2025 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб во деловната просторија во Подружница бр.6 СЛ КЛУБ 6 Скопје-Карпош на бул.„8 ми Септември“ бр.3 лок. 7 и 8 Скопје-Карпош.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:
1. Договор за основање на Друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) склучен на 9.11.2018 година од содружниците на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;
2. Договор за основање на Друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) склучен на 5.2.2022 година од содружниците на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;
3. Договор за основање на Друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) склучен на 4.11.2022 година од содружниците на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;
4. Договор за пренос на удел со надомест склучен на 4.11.2022 година помеѓу Јован Јовановски од Охрид и Друштво за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје;
5. Одлука за пристапување на нов содружник на друштвото донесена од содружниците на друштвото на 3.1.2024 година;
6. Договор за пренос на удел склучен на 3.1.2024 година помеѓу Друштво за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје и Друштво за услуги, советување и останато управување „СТХ“ ДОО Скопје;
7. Договор за основање на Друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) склучен од содружниците на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје на 3.1.2024 година;
8. Доказ за потекло на средствата внесени од содружникот-Друштвото за услуги, советување и останато управување „СТХ“ ДОО Скопје во износ од 118.387.500,00 денари и тоа:
-Договор за пренос на удел склучен на 3.1.2024 година помеѓу Друштво за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје и Друштво за услуги, советување и останато управување „СТХ“ ДОО Скопје;
9. Докази за потекло на средствата внесени од содружниците-Ѓоко Стерјоски од Скопје во износ од 8.071.219,00 денари и Зоран Стерјоски од Скопје во износ од 2.690.406,00 денари од Скопје и тоа:
- Одлука за распределба на дивиденда бр.01-1960 од 19.9.2018 година донесена од содружниците на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје, Ѓоко Стерјоски од Скопје и Зоран Стерјоски од Скопје;
- преглед на налози издаден од НЛБ Банка АД Скопје за Ѓоко Стерјоски од Скопје;
- картица за партија 210-5015859111.52 за период 19.9.2018 до 19.9.2018 издадена од НЛБ банка АД Скопје на 19.12.2024 година за Зоран Стерјоски од Скопје и

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 17.04.2025 17:20
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=42b33747-2a35-4404-8374-8d96f0db1205&docSharePointURL=/materijali/2025/638798826997724494/Documents/act(1).docx&materialId=09064459-6399-461c-ab62-eed1ca776312**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

- извод бр.3 за промени на состојбата на средствата на сметката на 14.11.2018 година издаден од НЛБ банка АД Скопје за сметка на „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;

10. Докази за потекло на средствата внесени од содружникот-Горан Павиќевиќ од Скопје во износ од 4.612.125,00 денари и тоа:

- Договор за заем на парични средства склучен на 14.11.2018 година помеѓу Ѓоко Стерјоски од Скопје како заемодавач и Горан Павиќевиќ од Скопје како заемопримач и налози ПП30 за уплата на влог во главнина од 14.11.2018 година издадени од НЛБ Банка АД Скопје и

-извод бр.3 за промени на состојбата на средствата на сметката на 14.11.2018 година издаден од НЛБ банка АД Скопје за сметка на „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;

11. Докази за потекло на средствата внесени од содружникот-Јован Јованоски од Охрид во износ од 6.148.680,00 денари и тоа:

- Договор за заем на парични средства склучен на 14.11.2018 година помеѓу Зоран Стерјоски од Скопје како заемодавач, Јован Јованоски од Охрид како заемопримач и Маја Јованоска од Охрид како гарант;

- картица за партија 210-5017257399.50 за период 14.11.2018 до 15.11.2018 издадена од НЛБ банка АД Скопје на 19.12.2024 година за сметката на Јован Јованоски од Охрид и

- извод бр.4 за промени на состојбата на средствата на сметката на 15.11.2018 година издаден од НЛБ банка АД Скопје за сметка на „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;

12. Докази за потекло на средствата внесени од содружникот-Друштвото за производство, угостителство, трговија и услуги „ИВО-КОМПАНИ 2007“ ДООЕЛ увоз-извоз Струмица во износ од 4.612.125,00 денари и тоа:

- Одлука бр.04/18-1 од 13.11.2018 година донесена од Иван Стојановски од Струмица единствен содружник во Друштвото за производство, угостителство, трговија и услуги „ИВО-КОМПАНИ 2007“ ДООЕЛ увоз-извоз Струмица;

- налог ПП30 од 13.11.2018 година издаден од Шпаркасе Банка АД Скопје;

-извод бр.225 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 13.11.2018 година издаден од Шпаркасе Банка АД Скопје за сметка на „ИВО-КОМПАНИ 2007“ ДООЕЛ увоз-извоз Струмица и

- извод бр.2 за промени на состојбата на средствата на сметката на 13.11.2018 година издаден од НЛБ Банка АД Скопје за сметка на „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;

13. Докази за потекло на средствата внесени од содружникот-Мирјана Кочевска од Скопје во износ од 3.074.350,00 денари и тоа:

-Договор за дар на парични средства склучен на 12.11.2018 година помеѓу Веска Сотировска од Скопје како randодавач и Мирјана Кочевска од Скопје како дароприма;

- Договор за дар на парични средства склучен на 12.11.2018 година помеѓу Филип Сотировски од Скопје како дародавач и Мирјана Кочевска од Скопје како дароприма;

- изјава под морална, материјална и кривична одговорност дадена од содружникот-Мирјана Кочевска од Скопје заверена кај нотар Ана Дојчиновска под бр.УЗП 4087/2025 од 10.4.2025 година дека износот од 1.092.000,00 денари претставуваат лични средства од тековно работење.

- картица за партија 210-5015690222.88 за период од 1.10.2018 година до 30.11.2018 година издадена од НЛБ банка АД Скопје на 30.12.2024 година за сметката на Мирјана Кочевска;

- картица за партија 210-5015690222.88 за период од 16.11.2018 година до 16.11.2018 година издадена од НЛБ банка АД Скопје на ден 24.12.2024 година за сметка на Мирјана Кочевска и

- извод бр.5 за промени на состојбата на средствата на сметката на 16.11.2018 година издаден од НЛБ банка АД Скопје за сметка на „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;

14.Докази за потекло на средствата внесени од содружникот-Љупчо Манџуков од Штип во износ од 3.074.340,00 денари и тоа:


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 17.04.2025 17:20 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=42b33747-2a35-4404-8374-8d96f0db1205&docSharePointURL=/materijali/2025/638798826997724494/Documents/act(1).docx&materialId=09064459-6399-461c-ab62-eed1ca776312** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

- Одлука за исплата на дивиденда од годишната добивка за 2016 година и од акумулираната добивка за период 2009-2013 година бр.0306-13 од 25.8.2017 година донесена од Друштво за производство и трговија „ОАЗА“ увоз-извоз ДОО Штип;
- Одлука за распоредување на добивката остварена по годишната сметка и финансиските извештаи за 2016 година бр.0306-13 од 25.8.2017 година донесена од Друштво за производство и трговија „ОАЗА“ увоз-извоз ДОО Штип;
- картица за партија 210-5015699155.61 за период од 31.8.2017 година до 31.8.2017 година издадена од НЛБ банка АД Скопје на ден 17.12.2024 година за сметката на Љупчо Манџуков;
- налози ПП30 за пренос на парични средства од „ОАЗА“ увоз-извоз ДОО Штип на Љупчо Манџуков по основ на дивиденда;
- извод бр.77 за промени на состојбата на средствата на сметката на 3.6.2016 година издаден од НЛБ банка АД Скопје за сметка на „ОАЗА“ увоз-извоз ДОО Штип;
- картица за партија 210-5015699155.61 за период од 3.6.2016 година до 3.6.2016 година издадена од НЛБ банка АД Скопје на 12.2.2025 година за сметката на Љупчо Манџуков и
- извод бр.4 за промени на состојбата на средствата на сметката на 15.11.2018 година издаден од НЛБ банка АД Скопје за сметка на „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;
15. Докази за потекло на средствата внесени од содружникот-Кире Темелкоски од Прилеп во износ од 1.537.375,00 денари и тоа:
- Договор за заем на парични средства склучен на 14.11.2018 година помеѓу Ѓоко Стерјоски од Скопје како заемодавач и Кире Темелкоски од Прилеп како заемопримач;
- картица за партија 210-5016188138.43 за период 14.11.2018 година до 14.11.2018 година издадена од НЛБ банка АД Скопје на 16.12.2024 година за сметката на Кире Темелкоски и
- извод бр.3 за промени на состојбата на средствата на сметката на 14.11.2018 година издаден од НЛБ банка АД Скопје за сметка на „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;
16. Докази за потекло на средствата внесени од содружникот-Лазо Грујески од Гостивар во износ од 1.537.383,00 денари и тоа:
- картица за партија 210-5011589415.98 за период 7.9.2015 година до 9.11.2018 година издадена од НЛБ банка АД Скопје на 24.2.2025 година за сметката на Лазо Грујески;
-уверение за остварени приходи бр.27-20-19/007-564 од 28.3.2019 година издадено од Управата за јавни приходи-Регионална дирекција Тетово-Даночно одделение Гостивар;
- изјава под морална, материјална и кривична одговорност дадена од содружникот-Лазо Грујески заверена кај нотар Ана Дојчиновска под бр.УЗП 4088/2025 од 10.4.2025 година дека износот од 600.000,00 денари претставуваат лични средства од тековно работење и
- извод бр.1 за промени на состојбата на средствата на сметката на 9.11.2018 година издаден од НЛБ банка АД Скопје за сметка на „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;
17.Докази за потекло на средствата внесени од содружникот-Зоран Божиновски од Куманово во износ од 768.700,00 денари и тоа:
- Договор за пренос на удел на содружник склучен на 3.7.2017 година помеѓу Зоран Божиновски од Куманово и Катерина Стојковска од Куманово;
- преглед на налози издаден од ТТК банка АД Скопје за пренос на уделот;
- Одлука за исплата на дивиденда бр.0302-15/19 од 30.4.2018 година донесена од Друштво за производство, трговија и услуги „ДАН-ДАН КОМПАНИ“ експорт-импорт ДООЕЛ Куманово;
- извештај за работа на шалтерски работник за датум од 8.4.2018 до 1.1.2019 година издаден од ТТК банка АД Скопје за исплата на дивиденда и


**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 17.04.2025 17:20
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=42b33747-2a35-4404-8374-8d96f0db1205&docSharePointURL=/materijali/2025/638798826997724494/Documents/act(1).docx&materialId=09064459-6399-461c-ab62-eed1ca776312**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

- извод бр.3 за промени на состојбата на средствата на сметката на 14.11.2018 година издаден од НЛБ банка АД Скопје за сметка на „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;
18.Докази за потекло на средствата внесени од содружникот-Гоце Магловски од Куманово во износ од 768.500,00 денари и тоа:
- уверение за остварени приходи бр.28-9/017-2156 од 28.3.2019 година издадено од Управата за јавни приходи-Регионална дирекција Штип-Даночно одделение Куманово;
- извод од платежна сметка од 1.12.2016 до 15.11.2018 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје на 24.2.2025 година за сметката на Гоце Магловски;
- извод бр.4 за промени на состојбата на средствата на сметката на 15.11.2018 година издаден од НЛБ банка АД Скопје за сметка на „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје и
- изјава под морална, материјална и кривична одговорност дадена од содружникот-Гоце Магловски од Куманово заверена кај нотар Мартин Божиновски под број УЗП 2246/2025 од 5.3.2025 година дека износот од 423.000,00 денари кои се уплатени на неговата лична трансакциска сметка бр.300097091015912 Комерцијална банка АД Скопје на 15.11.2018 година претставуваат негова лична и семејна заштеда;
19.Правила за игри на автомати во автомат клуб бр.03-828/3 од 6.12.2024 година и правила за игри на среќа на електронски рулет бр.03-828/2 од 6.12.2024 година донесени од Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;
20.Податоци за учесникот во платен промет (тековна состојба) од 06.12.2024 година од НЛБ Банка АД Скопје;
21.Извештај за состојба на платежна сметка во денари (солвентност) од 6.12.2024 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје;
22.Потврда за исплатени плати од 6.12.2024 година издадена од Комерцијална банка АД Скопје;
23. Извод бр.257 за промените и состојбата на средствата на сметката на 5.12.2024 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје;
24.Програма за спречување перење пари и финансирање на тероризам бр.03-813 од 2.12.2024 година донесена од Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје;
25. Решение бр.2817/01240-1721/2 од 20.11.2024 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;
26.33 уверенија за техничка исправност на автоматите за игри на среќа издадени од Друштвото за услуги, техничко испитување и анализа на автомати и маси за игри на среќа „МПГ ГРУП“ ДОО Скопје;
27. Тековна состојба бр.0805-50/150120240028353 од 13.11.2024 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
28.Потврда бр.05-063551/24-0002 од 13.11.2024 година издадена од Царинската управа на Република Северна Македонија;
29.Уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.28-58/5787/2 од 27.11.2024 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;
30.Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/4858 од 13.11.2024 година дека на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
31.Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/4858-1 од 13.11.2024 година дека на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 17.04.2025 17:20 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=42b33747-2a35-4404-8374-8d96f0db1205&docSharePointURL=/materijali/2025/638798826997724494/Documents/act(1).docx&materialId=09064459-6399-461c-ab62-eed1ca776312** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

32. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120240028357 од 13.11.2024 година дека на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
33. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120240028358 од 13.11.2024 година година дека на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот Регистар на Република Северна Македонија;
34. Информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-28/616 од 13.11.2024 година на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија и
35.Административна такса од 650 денари.

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:
Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија кое има внесено основна главнина во износ од 2.500.000,00 евра видно од тековната состојба бр.0805-50/150120240028353 од 13.11.2024 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија. Доколку приредувачот на игрите на среќа не ја одржува висината на основната главнина, согласно член 13 став (1) точка 12) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 12 и 13 од диспозитивот на оваа лиценца.

На подносителот на барањето не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност, видно од потврдите бр.0808-12/4858, бр.0808-12/4858-1, бр.0808-50/150120240028357 и бр.0808-50/150120240028358 од 13.11.2024 издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Со доставената информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-28/616 од 13.11.2024 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, врз основа на податоците искажани во годишната сметка за 2023 година и споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Од програмата за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам бр.03-813 од 2.12.2024 година донесена од Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје се утврдуваат мерките и дејствијата заради ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

Од уверението за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.28-58/5787/2 од 27.11.2024 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и потврдата

бр.05-063551/24-0002 од 13.11.2024 година издадена од Царинската управа на Република Северна Македонија, се констатира дека трговското друштво ги има подмирено јавните давачки по основ на даноци, царини и придонеси за задолжително социјално осигурување.

Од доставеното Решение бр.2817/01240-1721/2 од 20.11.2024 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје, се утврди дека деловната просторија во Подружница бр.6 СЛ КЛУБ 6 Скопје-Карпош на бул. „8 Септември" бр.3 лок. 7 и 8 Скопје-Карпош ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во автомат клуб.

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца за приредување игри на среќа во автомат клуб видно од податоците за учесникот во платен промет (тековна состојба) од 6.12.2024 година од НЛБ банка АД Скопје и извештајот за состојба на платежна сметка во денари (солвентност) од 6.12.2024 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје.
Трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од шест месеци видно од доставената потврда за исплатени плати од 6.12.2024 година издадена од Комерцијална банка АД Скопје.

Од доставениот извод бр.257 за промените и состојбата на средствата на сметката на 5.12.2024 година на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје издаден од Комерцијална банка АД Скопје, се утврди дека друштвото има доволно парични средства за плаќање на надоместокот за лиценцата и дека истите потекнуваат од тековна работење на друштвото.

Потеклото на средствата внесени во основната главнина се утврди од следната документација:
Од Договорот за основање на Друштво со ограничена одговорност „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје (пречистен текст) склучен на 3.1.2024 година од страна на содружниците на друштвото-Друштво за услуги, советување и останото управување „СТХ" ДОО Скопје, Ѓоко Стерјоски од Скопје, Зоран Стерјоски од Скопје, Горан Павиќевиќ од Скопје, Јован Јованоски од Охрид, Друштво за производство, угостителство, трговија и услуги „ИВО-КОМПАНИ 2007" ДООЕЛ увоз-извоз Струмица, Мирјана Кочевска од Скопје, Љупчо Манџуков од Штип, Кире Темелкоски од Прилеп, Лазо Грујески од Гостивар, Зоран Божиновски од Куманово и Гоце Магловски од Куманово се утврди дека главнината на друштвото изнесува 2.500.00,00 евра и се состои од паричен влог.

Од изводот бр.1 за промени на состојбата на средствата на сметката на 9.11.2018 година од НЛБ банка АД Скопје се утврди дека паричниот влог во износ од 1.537.383,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Лазо Грујески од Гостивар.

Од изводот бр.2 за промени на состојбата на средствата на сметката на 13.11.2018 година од НЛБ банка АД Скопје се утврди дека паричниот влог во износ од 4.612.125,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Друштво за производство, угостителство, трговија и услуги „ИВО-КОМПАНИ 2007" ДООЕЛ увоз-извоз Струмица.

Од изводот бр.3 за промени на состојбата на средствата на сметката на 14.11.2018 година од НЛБ банка АД Скопје се утврди дека паричниот влог во износ од 768.700,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Зоран Божиновски од Куманово, паричниот влог во износ од 1.537.375,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Кире Темелкоски од Прилеп, паричниот влог во

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 17.04.2025 17:20 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=42b33747-2a35-4404-8374-8d96f0db1205&docSharePointURL=/materijali/2025/638798826997724494/Documents/act(1).docx&materialId=09064459-6399-461c-ab62-eed1ca776312** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

износ од 2.690.406,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Зоран Стерјоски од Скопје, паричниот влог во износ од 4.612.125,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Горан Павиќевиќ од Скопје, паричниот влог во износ од 8.071.219,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Ѓоко Стерјоски од Скопје и паричниот влог во износ од 64.696.184,00,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје.

Од изводот бр.4 за промени на состојбата на средствата на сметката на 15.11.2018 година издаден од НЛБ банка АД Скопје се утврди дека паричниот влог во износ од 768.500,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Гоце Магловски од Куманово, паричниот влог во износ од 3.074.340,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Љупчо Манџуков од Штип и паричниот влог во износ од 6.148.680,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Јован Јованоски од Охрид.

Од изводот бр.5 за промени на состојбата на средствата на сметката на 16.11.2018 година од НЛБ Банка АД Скопје се утврди дека паричниот влог во износ од 3.074.350,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Мирјана Кочевска од Скопје и од изводот бр.12 за промени на состојбата на средствата на сметката на 19.12.2018 година од НЛБ банка АД Скопје се утврди дека паричниот влог во износ од 52.142.875,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје.

Од картицата за партија 210-5011589415.98 за период 7.9.2015 година до 9.11.2018 година издадена од НЛБ банка АД Скопје на 24.2.2025 година за сметка на Лазо Грујески и уверението за остварени приходи бр.27-20-19/007-564 од 28.3.2019 година издадено од Управата за јавни приходи-Регионална дирекција Тетово-Даночно одделение Гостивар изјавата под морална, материјална и кривична одговорност дадена од содружникот- Лазо Грујески заверена кај нотар Ана Дојчиновска под бр.УЗП 4088/2025 од 10.4.2025 година дека износот од 600.000,00 денари претставуваат средства остварени од тековно работење, а средствата во износ од 1.537.388,00 денари потекнува од лични средства.

Од Одлуката бр.04/18-1 од 13.11.2018 година донесена од Иван Стојановски од Струмица се утврди дека паричниот влог на Друштвото за производство, угостителство, трговија и услуги „ИВО-КОМПАНИ 2007“ ДООЕЛ увоз-извоз Струмица во износ од 4.612.125,00 денари потекнува од приходи од работењето.

Од Договорот за пренос на удел на содружник склучен на 3.7.2017 година помеѓу Зоран Божиновски од Куманово и Катерина Стојковска од Куманово и Одлуката за исплата на дивиденда бр.0302-15/19 од 30.4.2018 година донесена од Друштвото за производство, трговија и услуги „ДАН-ДАН КОМПАНИ“ експорт-импорт ДООЕЛ Куманово се утврди дека паричниот влог на Зоран Божиновски од Куманово во износ од 768.700,00 денари потекнува од пренесување на удел и дивиденда.

Од Договорот за заем на парични средства склучен на 14.11.2018 година помеѓу Ѓоко Стерјоски од Скопје како заемодавач и Кире Темелкоски од Прилеп како заемопримач се утврди дека паричниот влог на Кире Темелкоски од Прилеп во износ од 1.537.375,00 денари потекнува од позајмица.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 17.04.2025 17:20 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=42b33747-2a35-4404-8374-8d96f0db1205&docSharePointURL=/materijali/2025/638798826997724494/Documents/act(1).docx&materialId=09064459-6399-461c-ab62-eed1ca776312** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Од Одлуката за распределба на дивиденда бр.01-1960 од 19.9.2018 година донесена од Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје се утврди дека паричниот влог на Зоран Стерјоски од Скопје во износ од 2.690.406,00 денари потекнуваат од дивиденда.

Од Договорот за заем на парични средства склучен на 14.11.2018 година помеѓу Ѓоко Стерјоски од Скопје како заемодавач и Горан Павиќевиќ од Скопје како заемопримач се утврди дека паричниот влог на Горан Павиќевиќ од Скопје во износ од 4.612.125,00 денари потекнува од позајмица.

Од Одлуката за распределба на дивиденда бр.01-1960 од 19.9.2018 година донесена од Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје се утврди дека паричниот влог на Ѓоко Стерјоски од Скопје во износ од 8.071.219,00 денари потекнуваат од дивиденда.

Од Договорот за пренос на удел склучен на 3.1.2024 година помеѓу Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје и Друштвото за услуги, советување и останато управување „СТХ“ ДОО Скопје се утврди дека паричниот влог на Друштвото за услуги, советување и останато управување „СТХ“ ДОО Скопје во износ од 118.387.500,00 денари потекнува од пренесување на удел без надомест.

Од уверението за остварени приходи бр.28-9/017-2156 од 28.3.2019 година издадено од Управата за јавни приходи-Регионална дирекција Штип-Даночно одделение Куманово, извод од платежна сметка од 1.12.2016 до 15.11.2018 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје на 24.2.2025 година за сметка на Гоце Магловски и изјавата под морална, материјална и кривична одговорност дадена од содружникот-Гоце Магловски од Куманово заверена кај нотар Мартин Божиновски под бр.УЗП 2246/2025 од 5.3.2025 година дека износот од 423.000,00 денари кои се уплатени на неговата лична трансакциска сметка бр.300097091015912 Комерцијална банка АД Скопје на 15.11.2018 година претставуваат негова лична и семејна заштеда, се утврди дека паричниот влог на Гоце Магловски од Куманово во износ од 768.500,00 денари потекнува од лични средства и потрошувачки кредит.

Од Одлуката за исплата на дивиденда од годишната добивка за 2016 година и од акумулираната добивка за период 2009-2013 година бр.0306-13 од 25.8.2017 година и Одлуката за распоредување на добивката остварена по годишната сметка и финансиските извештаи за 2016 година бр.0306-13 од 25.8.2017 година донесени од Друштво за производство и трговија „ОАЗА“ увоз-извоз ДОО Штип се утврди дека паричниот влог на Љупчо Манџуков од Штип во износ од 3.074.340,00 денари потекнува од дивиденда.

Од Договорот за заем на парични средства склучен на 14.11.2018 година помеѓу Зоран Стерјоски од Скопје како заемодавач, Јован Јованоски од Охрид како заемопримач и Маја Јованоска од Охрид како гарант, се утврди дека паричниот влог на Јован Јованоски од Охрид во износ од 6.148.680,00 денари потекнува од позајмица.

Од Договорот за дар на парични средства склучен на 12.11.2018 година помеѓу Веска Сотировска од Скопје како дародавач и Мирјана Кочевска од Скопје како дaропримач, од Договорот за дар на парични средства склучен на 12.11.2018 година помеѓу Филип Сотировски од Скопје како дародавач и Мирјана Кочевска од Скопје и картицата за партија 210-5015690222.88 од 30.12.2024 година за сметката на Мирјана Кочевска од Скопје за период од 1.10.2018 година до 30.11.2018 година издадена од Комерцијална банка АД Скопје, се утврди дека паричниот влог на Мирјана Кочевска од Скопје во износ од 3.074.350,00 денари потекнува од подарок и од лични примања, а средствата во износ од 1.092.000,00 денари потекнуваат од лични

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 17.04.2025 17:20

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=42b33747-2a35-4404-8374-8d96f0db1205&docSharePointURL=/materijali/2025/638798826997724494/Documents/act(1).docx&materialId=09064459-6399-461c-ab62-eed1ca776312**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

средства остварени од тековно работење видно од  изјавата под морална, материјална и кривична одговорност дадена од содружникот-Мирјана Кочевска заверена кај нотар Ана Дојчиновска под бр.УЗП 4087/2025 од 10.04.2025 година.

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува на приредување на игри на среќа во автомат клуб, што произлегува од доставените правила за игри на автомати во автомат клуб бр.03-828/3 од 6.12.2024 година и правила за игри на среќа на електронски рулет бр.03-828/2 од 6.12.2024 година донесени од Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје кои се во согласност со член 92 ставови (1) и (2) од Законот за игрите на среќа и  за забавните игри.

Од доставените 33 уверенија издадени од Друштвото за услуги, техничко испитување и анализа на автомати и маси за игри на среќа „МПГ ГРУП“ ДООЕЛ Скопје се утврди дека поставените автомати во автомат клубот се технички исправни за употреба.

Согласно член 89 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите автомати, без оглед на тоа дали тие се сместени во една или повеќе деловни простории на приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, така што системот обезбедува точни податоци за уплатата и исплатата на секој од автоматите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Од доставеното известување бр.21-1853/3 од 29.7.2019 година од Управата за јавни приходи, Генерална дирекција Скопје се утврди дека системот на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје е официјално поврзан со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје.

Според член 2 точка 23) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, игри на среќа во автомат клуб се игри кои се приредуваат на автомати, електронски рулети и други апарати со повеќенаменска улога и добивка („мулти плеер“) и на системот на автоматите кој подразбира поврзување на поголем број автомати поради формирање на единствен џек-пот со исти и истовремени можности на сите учесници во играта. Според точка 24) од истиот член, автомати за игри на среќа со повеќенаменска улога и добивка („мулти плеер“) се механички, електронски или слични уреди на кои учесниците во игрите на среќа со уплата на одреден износ (жетон, метални пари или непосредна уплата на благајна, односно на автоматот) имаат можност за добивка.
Согласно член 25 став (1) точка 1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Министерството за финансии постапува по поднесени барања за издавање на лиценци и дозволи за приредување на игри на среќа и за забавни игри.

Во согласност со член 87 став (1), лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб се издава за период од шест години, поради што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 17.04.2025 17:20 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=42b33747-2a35-4404-8374-8d96f0db1205&docSharePointURL=/materijali/2025/638798826997724494/Documents/act(1).docx&materialId=09064459-6399-461c-ab62-eed1ca776312** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Според член 10 став (1), трговското друштво на кое му е издадена лиценца согласно со овој закон е должно да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 3 и 4 од диспозитивот на оваа лиценца.

Врз основа на член 87 став (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за добивање на лиценца се плаќа надоместок во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата. Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа не го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 5, 6 и 7 од диспозитивот на оваа лиценца.

Приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб, согласно член 90 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во автомат клуб, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 1.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, за секој автомат за игри на среќа поставен во автомат клубот. Доколку приредувачот не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 8 и 9 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 94 ставови (1) и (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за приредување на игрите на среќа во автомат клуб приредувачот на игри на среќа плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, на месечна основа, поради што се одлучи како во точката 10 од диспозитивот на оваа лиценца. Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, на месечна основа, за финансирање на спортот плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Агенцијата за млади и спорт и за финансирање на здравствената заштита плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Министерството за здравство, поради што се одлучи како во точките 10 и 11 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 12 од Законот, издадените лиценци за приредување на игри на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што се одлучи како во точката 14 од диспозитивот на оваа лиценца.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 17.04.2025 17:20 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=42b33747-2a35-4404-8374-8d96f0db1205&docSharePointURL=/materijali/2025/638798826997724494/Documents/act(1).docx&materialId=09064459-6399-461c-ab62-eed1ca776312** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Со оглед на тоа што Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје достави комплетна документација, Министерството за финансии предлага Владата на Република Северна Македонија да ја издаде лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

67, 15.04.2025 12:00
50-3963

**Претсетадел на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2025.04.17 17:24:34 +02:00

Подготвил: Христијан Николов, 17.04.2025
Проверил: Стојанчо Радичевски, 17.04.2025
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 17.04.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 17.04.2025

Одобрил: ,


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 17.04.2025 17:20 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=42b33747-2a35-4404-8374-8d96f0db1205&docSharePointURL=/materijali/2025/638798826997724494/Documents/act(1).docx&materialId=09064459-6399-461c-ab62-eed1ca776312** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*